РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 08-4906/8
27.09 2024 год.
КАВАДАРЦИ

**Записник за проверка дали кандидатите ги доставиле доказите за исполнување на условите во јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци бр.02/24**

Согласно член 4 став 3 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведување на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на РСМ“бр.283/22), Комисијата за селекција за избор на член на Управен одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци формирана со Решение на Совет на Општина Кавадарци со арх.бр.08-4552/20 од 22.08.2024 година, во состав од претседател Јасминка Ѓорѓиева Тодоров, член Надица Алексова и заменик член Радица Јанчева, на ден 27.09.2024 година во просториите на Општина Кавадарци одржа состанок на кој изврши проверка колку пријави се пристигнати по Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор и дали пријавените кандидатите ги доставиле доказите за исполнување на условите по објавениот Јавен повик бр.02/24.

Во врска со Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци бр.02/24 со архивски бр. 08-4906/1од 04.09.2024 година објавен на ден 10.09.2024 година на веб-страницата на Општина Кавадарци и на огласна табла во Општина Кавадарци, Комисијата за селекција за избор на член на Управен одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ –ГАС Кавадарци изврши проверка на доставените пријави со прилог докази од кандидатите.

Комисијата констатира дека по Јавниот повик бр.02/24 за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ - ГАС Кавадарци има пристигнато 6 пријави и тоа 3 се уредни, а 3 неуредни по што се утврди дека нема доволно уредни кандидати за продолжување во наредната фаза од постапката.

Согласно горенаведеното се одлучи да се повтори постапката за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбор на Јавно претпријатие за енергетика КАВАДАРЦИ – ГАС.

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА**
**Претседател Јасминка Ѓорѓиева Тодоров** ________
**Член Надица Алексова** ________
**Заменик член Радица Јанчева** ________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ